* светска премиера
** македонска премиера

Амит Долберг - пијано
Моше Ахаронов - виолина
Јони Готлибович - виолончело

Програма:

Ари Бен-Шабетаи
ГО САКАТЕ ЛИ БРАМС? за пијано трио (2005) **

Ангел Спироски
ORA IACENTEM за пијано трио (2016)

Михаило Трандафиловски ВЕТЕР - РИДОВИ - БРАНОВИ за соло виолончело (2017) *

Ајал Адлер
МИСТЕРИОЗО за соло пијано (2014) **

Валентина Велковска-Трајановска
ОГЛЕДАЛА за пијано трио (2011)

Рубен Серуси
ЏЕЗ НА ТЕМА МАТИС **

Признаен од страна на New York Times за својата „извонредност, грациозност и прецизност“ во музицирањето, ансамблот „Меитар“, основан во 2004 година од страна на уметничкиот директор и пијанист Амит Долберг се етаблира како еден од водечките ансамбли специјализирани за изведба на нова музика во Израел, чии членови се истакнати виртуози и музички професионалци. Од Тел Авив, ансамблот гостува ширум светот каде настапува во некои од најпрестижните концертни сали и фестивали како Центарот Помпиду во Париз, Собата на Персел во Лондон, Московскиот конзерваториум, Универзитет Јеил, Биеналето за современа музика во Венеција, Фестивалот Фруелинг во Хајделберг, 92Y во Њујорк, Фестивалот „Звучни бранови“ во Санкт Петербург и многу други. Членовите на ансамблот имаат реализирано уметнички резиденции во рамките на фестивалот МАТА во Њујорк, на Универзитетот Дармут, во рамките на фестивалот Zeitkunst во Берлин, на Израелскиот конзерваториум за музика во Тел Авив. Во изминатите десет години, ансамблот има нарачано и премиерно изведено преку 200 нови дела, а редовно соработува со композитори како Фабијан Панисело, Марк Андре, Валтер Зимерман, Филип Леру, Матијас Пинчер, Даниел Питер Биро, Иван Феделе, Чаја Черновин, Владимир Тарнополски, Гија Канчели, со издавачките куќи VERSO од Шпанија, ALBANY од САД, музичкото издаваштво при Израелскиот институт за музика и други. Во текот на годините, ансамблот се закитил со бројни признанија за особен придонес во развојот на израелската музика и култура, меѓу кои наградите „Бинијами“ (2006), „Партош“ (2008) и „Ландау“ (2010). Во 2010 година составот заедно со германски музичари е дел од историски настан - изведба на дела од еврејски композитори во сабота во која 67 години претходно се одржува озлогласената Wannsee конференција, изведба од која произлегува документарниот филм „Снимките од Wannsee“ во режија на Емре Амрам Сонмез, кој ја добива наградата „Сребрена палма“ на Интернационалниот фестивал во Мексико во 2010 година. Ансамблот „Меитар“ е иницијатор на уникатна образовна програма за млади, наречена „Проект Тедарим“ што им овозможува на музичари од различни полиња на уметничко делување (интерпретација, диригирање и композиција) да се едуцираат и да истражуваат нови хоризонти на современа музика. Специјалната програма за современа музика за деца насловена „Што е бука?“, која доживува огромен успех во Израел. Освен тоа, ансамблот е основач на Фестивалот за нова музика CEME како и мастер класови за млади професионални музичари, каде досега настапиле Иван Феделе, Фабијан Панизело, Пјер Андре Валаде, членовите на Ансамблот „Модерн“ и други истакнати уметници.

Пијанистот Амит Долберг е еден од водечките изведувачи на современа музика од Израел. Бројни композитори напишале и посветиле свои композиции токму нему, кои тој премиерно ги извел на повеќе концертни сцени ширум светот. Долберг е основач и директор на камерниот музички ансамбл „Меитар“, Центарот за нова музика во Тел Авив, Конкурсот за композитори „Матан Гивол“, Меѓународниот фестивал за нова музика CEME, како и на мастер програмата за современа музика „Тедарим“ на Академијата за музика и танц во Ерусалим. Тој е еден од основачите на Ансамблот „Темпера“ со кого неодамна ја доби државната награда „Бинијами“ за ансамбл на годината. Настапувал и реализирал снимки со диригенти како Матиас Пинчер, Илан Волков, Авнер Бирон, Пјер-Андре Валад, Жолт Наѓи, Фабијан Панизело, Јарон Готфрид и со бројни оркестри и ансамбли во Израел, Азија и Европа, меѓу кои Israel Camerata Orchestra од Ерусалим, Симфонискиот оркестар на Радио Ерусалим, ансамблот Ерусалимски солисти, Израелскиот симфониски оркестар, Националниот симфониски оркестар на Тајван, Израелскиот камерен оркестар од Тел Авив, Ансамблот „Плурал“ и други. Како камерен музичар соработувал со бројни ансамбли, настапувајќи на познати сцени: Биеналето за современа музика во Венеција, концертната сала „Забранетиот град“ во Пекинг, фестивалот МАТА во Њујорк, центарот Помпиду во Париз, РадиалСистем во Берлин, Собата на Персел во Лондон, Катедралата во Винчестер, Фестивалот во Брајтон, Биеналето во Хајделберг и на Варшавскиот есенски фестивал. Амит Долберг е професор на Академијата за музика и танц во Ерусалим.